2.7.2018

Рев2.бр.395/2017

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Николчо Николовски - претседател на советот, Васил Грчев, м-р Фаик Арслани, м-р Снежана Бајлозова и Надица Андреева - членови на советот, во правната работа на тужителот АВ Electrolux, ST Goransgatan 143 SE 105 45 Stocholm од Шведска, против тужениот Димче Палензовски од Битола, за повреда на право од индустриска сопственост, вредност на спорот 40.000,00 денари одлучувајќи по ревизијата на тужителот изјавена преку полномошниците Адвокатско друштво Поленак од Скопје преку Татјана Поповски Булоски адвокат од Скопје и Живка Костовска Стојковска адвокат од Скопје, против пресудата на Апелациониот суд Битола ГЖ-228/17 од 01.03.2017 година, на седницата одржана на ден 17.05.2018 година, донесе:

## П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужителот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците сторени во текот на постапката во вкупен износ од 17.167,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Поголемото барање на тужениот за надомест на парничните трошоци сторени по повод одговорот на ревизија и тоа за разликата од досудениот износ од 17.167,00 денари до вкупно предјавениот износ од 110.448,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Основиот суд Битола со пресуда П1-103/15 од 23.11.2016 година, го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот со кое барал да се утврди дека тужениот го повредил правото на трговска марка на тужителот за трговската марка Electrolux со регистарски број 03982 и Electrolux со регистарски број 03983, на начин што овие трговски марки тужениот неовластено ги користи како регистрант во домените elektroluks.mk elektrolux.mk и elektroluxpalenzo.mk при Македонската истражувачка мрежа МАР-нет, како и да се утврди дека тужениот го повредил правото на трговска марка на тужителот за трговската марка Zanussi со број на пријава ТМ/2013/556, па да му се забрани на тужениот да ги користи трговските марки на тужителот и тоа Electrolux со регистарски број 03982 регистрирана за производи од класата 03, 07, 09, 11 и 21 од Меѓународната класификација на производи и Electrolux со регистарски број 03983 за производи од класата 07, 08, 09, 11, 17, 20 и 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги и Zanussi со број

на пријава ТМ/2013/556 за производи и услуги од класата 28 од Меѓународната класификација на производи и услуги и да му ги надомести процесните трошоци во вкупен износ од 390.098,00 денари. Го задолжил тужителот да му ги надомести процесните трошоци на тужениот во вкупен износ од 163.218,00 денари во рок од 15 дена од приемот на пресудата, а го одбил како неосновано поголемото барање на тужениот за надомест на процесните трошоци за разликата до бараниот износ од 264.180,00 денари.

Апелациониот суд во Битола со пресуда ГЖ-228/17 од 01.03.2017 година, ја одбил како неоснована жалбата на тужителот и ја потврдил пресудата на Основниот суд во Битола П1-103/15 од 23.11.2016 година во став 1 и 2 од изреката. Го задолжил тужителот да му плати на тужениот на име второстепени трошоци вкупен износ од 83.436,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресуда, а го одбил како неосновано поголемото барање на тужениот за надомест на второстепените трошоци над досудениот износ до бараниот износ од 84.036,00 денари.

Против второстепената пресуда, ревизија изјави тужителот преку неговите полномошници, поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, второстепената пресуда и првостепената пресуда да се преиначат така што ќе се усвои тужбеното барање на тужителот во целост или пресудите да се укинат и предметот да се врати на повторно одлучување пред првостепениот суд.

Одговор на ревизија поднесе тужениот преку полномошникот Николчо Лазаров адвокат од Скопје, со кој предложи ревизијата на тужителот да се одбие како неоснована и истиот да се задолжи со трошоците по постапката по повод овој одговор.

Врховниот суд на Република Македонија, по проучување на списите по предметот, наводите во ревизијата и одговорот на ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата е неоснована.

Неосновани се ревизиските наводи кои се однесуваат за сторена суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парничната постапка, од причина што побиваната пресуда е јасна, разбирлива, со доволно образложени причини за решителните факти при одлучувањето, па како таква може во целост да се испита.

Неоснован е наводот во ревизијата за погрешна примена на материјалното право, имајќи ја во предвид утврдената фактичка состојба.

Имено, од изведените докази во текот на постапката, првостепениот суд утврдил а второстепениот суд прифатил дека тужителот е правно лице со седиште во Стокхолм, Шведска, и е глобален

лидер во производство на апарати за домаќинството и за професионална употреба, а истовремено е носител и на бројни национални и меѓународни марки моеѓу кои се и Electrolux и ZANUSSI. Овие две марки тужителот ги регистрирал во Државниот завод за индустриска сопственост со посебни регистерски броеви подетално наведени како во образолжениeто на побиваната пресуда, а трговската марка ZANUSSI била регистрирана како во збор така и во изглед. Тужениот е физичко лице од Битола кој се јавува како регистрант на домените elektroluks.mk, elektrolux.mk и elektroluxpalenzo.mk. Тужениот како негово презиме во личната карта го имал прифатено Палензо Електролукс.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, по наоѓање на овој суд, пониските судови правилно го примениле материјалното право повикувајќи се на одредбите од член 206 став 1, 3 и 4, член 207 став 1 од Законот за индустриска сопственост, кога го одбиле како неосновано тужбеното барање на тужителот, заклучувајќи дека тужениот како физичко лице не вршел промет на стоки и услуги во периодот помеѓу 25.11.2014 година до 16.01.2015 година, за кој период тужителот наведува дека му било повредено неговото право на трговската марка Electrolux.

Ваквиот заклучок произлегува од фактот дека тужениот се водел како невработено лице сметано од 18.06.2013 година, па во критичниот период ниту можел како физичко лице кое не било регистрирано за вршење на дејност да постапува спротивно на добрите деловни обичаи и да создава нелојална конкуренција, поради што и не бил во можност да изврши повреда на трговските марки на тужителот.

Со самото регистрирање и користење на домен имињата elektroluks.mk, elektrolux mk и elektroluxpalenzo.mk од страна на тужениот не е сторена повреда на правото на трговска марка на тужителот, ако се има предвид дека тужениот не е субјект кој во наведениот период се занимавал со промет на стоки и услуги, а тужителот не успеал да докаже дека тужениот како физичко лице произведува или продава електрични апарати со трговската марка на тужителот и дека поради таквата евентуална сличност на регистрираните интернет домени е создадена некаква забуна кај просечниот потршувач и со тоа да предизвикува нелојална конкуренција. Ова ако се има во предвид фактот дека продажбата на производи од марката електролукс кои се наоѓаат на предметните веб адреси се однесува на компанијата Електролукс ДООЕЛ Битола а не на тужениот лично како физичко лице, што значи дека без оглед што тужениот е регистрант на доменот elektroluks.mk, истиот се однесува на компанијата Електролукс, а не на тужениот лично, поради што не може да се прифати дека тужениот е тој што нудел на продажба производи на тужителот.

Исто така, по наоѓање на овој суд, правилно пониските судови прифатиле дека на страната на тужениот нема пасивна легитимација за да се утврди дека го повредил правото на тужителот на наведената трговска марка ZANUSSI од причина што при регистрирањето на домените никаде не се споменува оваа трговската марка на тужителот.

Врховниот суд на Република Македонија ги ценеше наводите во ревизијата за сторена суштествена повреда на одредбите од член 343 став 1 во врска со член 236 од Законот за парничната постапка од страна на второстепениот суд, но најде дека е неоснован. Ова од причина што не биле изведувани докази во текот на постапката по жалба пред втростепениот суд, при што побиваната пресуда е донесена на нејавна седница а оваа пресуда не се заснова на вештачењето на лекторот Здравко Божиновски, кое го оспорува тужителот во ревизијата.

Врховниот суд на Република Македонија ги имаше во предвид и останатите ревизиски наводи но најде дека не се од влијание за поинакво одлучување, од причина што биле предмет на оценка од страна на пониските судови кои дале доволно образложени причини со кои се согласува и овој суд.

Поради напред наведеното, следуваше да се одлучи како во изреката на пресудата согласно член 387 став 1 од Законот за парничната постапка.

Со оглед на тоа што Врховниот суд на Република Македонија ја одби ревизијата и одлучи на начин како во изреката, го задолжи тужителот, согласно член 160 став 1 во врска со член 158 став 1 и став 2 од Законот за парничната постапка, да му ги надомести на тужениот трошоците сторени по повод одговорот на ревизија во вкупен износ од 17.167,00 денари, од кој за состав на одговор на ревизија износ од 16.567,00 денари со пресметан 18%ДДВ и за судска такса за одговор на ревизија износ од 600,00 денари, а согласно Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите и Законот за судски такси. Врховниот суд на Република Македонија, не ги досуди побаруваните трошоци за состав на одговор на ревизија во износ од 110.448,00 денари од причина што е превисоко поставен и не соодвествува со горе наведената тарифа.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 17.05.2018 година под Рев2.бр.395/2017.

Претседател на советот - судија
Николчо Николовски с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и: секретар.